| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Црешите во пролет |
| **Содржина на денот** | Црешички црвени |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Вера Јовановска |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор и потсетување за безбедносните мерки за зачувување на здравјето (физичко растојание често миење на раце итн). |
| **Активности** | Моделирање на цреши со пластелин.<br><br>Потребни материјали- пластелин, слики ,апликации<br><br>Игрите со пластелин се секогаш омилени кај децата и затоа поттикнете ја љубобитноста кај детето и дајте му да игра и моделира. Збогате те ја детската игра и овозможете му на детето да научи нешто повеке за раното овошје во пролет. Понудете му свежи цреши на детето и овозможете му да ги набљудува и да се запознае со нивниот изглед. Опишете го нивниот изглед, боја и форма.<br><br>Потоа дјте му на детето да игра со пластелинот, да го истражува , да го препознава по боја и да го обликува. Моделирајте цреши. Поттикнете го детето да направи две топчиња од црвен пластелин и две дршки од зелен пластелин и направете ги црешите. Овозможете му на детето да се радува за успешно завршената работа. |